ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

ул. „Васил Ѓоргов“, бб
1000 Скопје
тел.: 02/3216-299
факс: 02/3228-866
ЕДБ: 4080009507394
Трезорска сметка: 160026150660319 НБРСМ

www.dic.edu.mk e-mail: dic@dic.edu.mk

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УЧИЛИШНА МАТУРСКА КОМИСИЈА НА

_____

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 10 -293/1
03.7.2024 год.-vit
Скопје-Shkup

ПРЕДМЕТ: Динамика за резултати и приговори од екстерните испити од јунски испитен рок од државна матура и организација и спроведување на екстерниот дел од државната матура во августовски испитен рок, **2024** г.

Согласно ***Правилникот за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното образование и средното уметничко образование***, (Службен весник на Р.М. бр.66/10, 63/12 и 52/24 година) Ве информираме за активностите поврзани со доставувањето и објавувањето на резултатите од спроведените екстерени испити од државната матура во јунски испитен рок, како и насоки за организирање и спроведување на екстерниот дел од државната матура во августовски испитен рок во 2024 година.

РЕЗУЛТАТИ И ПРИГОВОРИ ОД ЈУНСКИ ИСПИТЕН РОК

05.07.2024 - Училишната матурска комисија треба да ги објави резултатите во **11:00 часот**. **За кандидатите кои не приговарале прелиминарните резултати се конечни резултати.**

Резултатите ќе бидат достапни и на веб страната на ДИЦ (www.matura.gov.mk).

05 - 09.07.2024 - Доставување на приговори за резултатите од учениците до УМК најдоцна до 14:00 часот на **09.07.2024**. Веднаш по доставувањето на приговорот од страна на кандидатот, УМК е должна податоците да ги внесе во Апликацијата за приговори, согласно упатствата дадени од ДИЦ. Електронски внес на приговори се врши на следниот линк: **http://prigovori.dic.edu.mk**

09.07.2024 (по 14:00 часот) доставување од УМК до ДИЦ на оригиналните приговори од учениците и пополнетите формулари на **Детален преглед на приговори** и **Сумарен извештај за пристигнати приговори.** Доставата се врши **ИСКЛУЧИВО** со Брза пошта за училиштата надвор од Скопје и директно во ДИЦ за училиштата во Скопје (до 16:00 часот);

Важно: Училиштата кои немаат приговори од ученици задолжително испраќаат скениран Сумарен извештај за пристигнати приговори на следната адреса: matura@dic.edu.mk

Сите информации во врска со приговорите ќе бидат истакнати на официјалната веб страница на Државниот испитен центар (ДИЦ) www.matura.gov.mk

16.07.2024 – Доставување на резултати од разгледаните приговори на електронската адреса на училиштето

17.07.2024– Закажување на увид во тестовите, во периодот од 9:00 до 12:00 часот.

18.07.2024 – Увид во тестовите за кандидатите кои се најавиле

Република
Северна Македонија
ДРЖАВЕН
ИСПИТЕН
ЦЕНТАР

ул. „Васил Ѓоргов", бб
1000 Скопје
тел.: 02/3216-299
факс: 02/3228-866
ЕДБ: 4080009507394
Трезорска сметка: 160026150660319 НБРСМ

www.dic.edu.mk e-mail: dic@dic.edu.mk

АВГУСТОВСКИ ИСПИТЕН РОК

10 - 18.07.2024 – Пријавување на кандидатите за полагање на екстерниот дел од државната матура и внес во базата на податоци на ДИЦ.
Адресата за пристап до базата на податоци за државната матура за августовски испитен рок во учебната 2023/2024 година е: **http://drzavnamatura.dic.edu.mk**
Корисничкото име и лозинката за пристап до базата на податоци на ДИЦ е иста со јунски испитен рок во 2024 година. Секретарите на УМК ќе имаат пристап до базата на податоци за државна матура во августовски испитен рок до **7:30 часот на 19.07.2024**.

19.07.2024 – Доставување од ДИЦ до училиштата Списоци на пријавени кандидати за екстерните испити во августовски испитен рок (преку Брза пошта, Македонски пошти или лично во ДИЦ на 19.07 по 12 часот).

22.07.2024 – Враќање на верификувани списоци на пријавени кандидати за екстерните испити во августовски испитен рок од училиштата до ДИЦ (преку Брза пошта, Македонски пошти или лично во ДИЦ).

07.08.2024 – Доставување од ДИЦ до училиштата Списоци со пријавени кандидати по испитни простории.

12 и 14.08.2024 – Доставување на испитниот материјал до училиштата
Испитниот материјал до училиштата ќе биде доставен преку овластени лица од ДИЦ до училиштата на денот на испитот.
12.08.2024 – се полага Македонски јазик и литература, Албански јазик и литература и Турски јазик и литература;
14.08.2024 – се полага Англиски јазик, Француски јазик, Германски јазик, Руски јазик, Математика, Естетика и Филозофија.
Сите испити се со почеток во **10:00** часот.
Право на полагање на државна матура во августовски испитен рок имаат исклучиво кандидатите кои се пријавиле да полагаат во јунска испитна сесија. Поконкретно, кандидатите кои:

- во јунската испитна сесија не положиле дел или сите испити;
- во јунската испитна сесија од оправдани причини не полагале државна матура или дел од државната матура;
- биле упатени на класен или поправен испит, а ја завршиле IV-та година до термините за полагање во августовски испитен рок.

До **07.08.2024** година на веб страната на ДИЦ ќе бидат истакнати училиштата во кои ќе се спроведува државната матура во августовскиот испитен рок. Истата информација треба Вие да им ја пренесете на учениците кои ќе полагаат во овој испитен рок.
За августовски испитен рок ДИЦ ќе назначи од внесените тестатори во базата од јунски испитен рок. Доколку некои од тие лица се на одмор или оправдано отсутни директорот на училиштето каде е вработено тоа лице со интерно решение ќе назначи негова замена.
За временските термини за решенијата на назначени тестатори, како и за објавување на резултатите од августовски испитен рок и приговори по нив ќе бидете дополнително информирани.

ДИРЕКТОР,
м-р Билјана Михајловска

Изготвил: м-р Тања Андонова - Митревска
Контролирал: д-р Бети Ламева